Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Државен инспекторат за животна средина**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e mjedisit jetësor**
**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**

ИП1 бр. 29-530
Дата: 09.07.2025 година

[redacted]


Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243


Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес, со седиште и адреса на вршење на дејноста на ул. Вардарска бр. 50 Велес, застапуван од Дејан Галев-Претседател на Управен одбор. Со Записник бр. 29-530 од 08.07.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 1 точка 6 и точка 14 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:

# РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ЗАБРАНУВА** на Друштвото за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес, со седиште на ул. Вардарска бр. 50 Велес:

- Работата на котелот TPK OROMETAL Oroslavje Hrvatska, тип ORO-6, 4SA, со фабрички број 5396.
  Рок: веднаш со денот на приемот на решението, во траење од најмногу 90 (деведесет) дена, во кој рок треба да се отстранат причините за настанатата состојба.

2. **СЕ ЗАДОЛЖУВА** Друштвото за производство на предиво и конец ВЕТЕКС АД Велес, со седиште на ул. Вардарска бр. 50 Велес:

- По превземање на технички и технолошки мерки на котелот, да спроведе пробно стартување на котелот исклучиво во период додека се спроведе мониторинг на гасови од испустот Е1 на котелот TPK OROMETAL од страна на акредитирана лабораторија која ќе ја ангажира. Извештајот со резултатите да го достави до ДИЖС.
  Рок: 90 (деведесет) дена од денот на приемот на решението.

3. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. и 2. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

[redacted]

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024 по службена должност на 04.07.2025г. од 19.00-20.30 часот изврши увид на лице место на јавна површина од задната страна на инсталацијата ВЕТЕКС АД Велес, при што утврди дека од испустот на котел во инсталацијата за сето време на увидот се емитира црн чад во амбиентниот воздух и утврди основаност за спроведување на вонреден инспекциски надзор кај предметниот субјект.

По обезбедување налог на 08.07.2025г. изврши вонреден ненајавен инспекциски надзор. При надзорот беа присутни Ѓоше Митев-овластено лице за животна средина, Елизабета Настов-овластено лице за безбедност и здравје при работа и Мануела Марковска- шеф на погон.

За утврдената фактичка состојба се изготви Записник ИП1 бр. 29-530 од 08.07.2025 година.

ВЕТЕКС АД Велес е оператор на Б-инсталација која врши производство на предиво и конец, носител на Б-Интегрирана еколошка дзовола бр. 08-542/8 од 08.06.2020г.

За потребите од водена пареа за производниот процес во котларницата се инсталирани два парни котли:

- ТРК OROMETAL Oroslavje Hrvatska, тип ORO-6, 4SA, со фабрички број 5396, година на изработка 2015 (испуст со ознака Е1 во дозволата). Котелот има два горилници за мазут и гас, а во функција е само на мазут, и
- ТПК Загреб, тип BKG 60А, со сериски број 10474, година на производство 1973г. (испуст со ознака Е2 во дозволата).

При надзорот во функција е котелот TPK OROMETAL, додека котелот ТПК Загреб е резервен.

При надзорот согласно евиденцијата која се води во котларницата – Книга за примопредавање на смена во котлара, нема никаков запис за проблемите во работата на котелот. Присутното овластено лице изјави дека проблеми во работата со котелот се воочени на 25.06.2025г. при што е повикана фирмата ЦРАС Велес која извршила визуелна проверка на согорувањето на котелот на сите фази и намалување на дотурот на гориво. За оваа интервенција нема никаков документ ниту запис во инсталацијата дека е извршена. Во инсталацијата нема документација за неисправноста на опремата која

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

[redacted]

има влијание на перформанските за животната средина, што е спротивно на услов 3.1.1 од Б-Интегрираната еколошка дозвола кој гласи:

“Операторот на инсталацијата ќе води документација со податоци за:

а. секоја неисправност, дефект или престнок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни или долготрајни мерки на поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформанските за животната средина што се однесуваат за инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел”.

Иако емисиите продолжиле и по интервенцијата котелот непречено работи, а овластеното и присутното лице не беа запознати дека котелот пројавува проблеми. При надзорот беше повикан шефот на погонот за боење, под чија надлежност спаѓа и работата на котларницата, која не знаеше за емисиите кои се воочени по интервенцијата, не е следен испустот при работата на котларницата, ниту се известени надредените дека проблем постои, што е спротивно на услов 2.1.4 од дозволата кој гласи:

“Оперторот континуирано ќе врши контрола во текот на работењето. Временскиот период на инсталацијата е во прва, втора и трета смена, од понеделник до петок, а по потрба и во сабота”.

За проблемите кои се констатирани при работата на котларницата не е известен надлежниот орган околу неисправноста која има потенцијал да предизвика загадување, а надворешните температури се високи, што е спротивно на услов 5.1.1 од дозволата кој гласи:

“Операторот ќе го извести надлежниот орган без одложување:

в) кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на построката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување”.

Дозволата во услов 6.1.4 пропишува дека “Емисиите од инсталацијата не треба да содржат перзистентен чад”.

Извршената интервенција за регулирање на работата на котелот очигледно е недоволна заради последователните емисии кои се јавуваат.

Во текот на работата на котелот во функција ТРК OROMETAL и покрај извршените интервенции на горилникот се јавуваат последователни емисии од црн чад преку испустот во амбиентниот воздух без да се следи работата на котелот, без да се има меѓусебна

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

[redacted]

комуникација, без запис за состојбата и известување до надлежниот орган од страна на субјектот на надзор.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 199 став 5, а во согласност со член 200 став 1 точка 6 и точка 14 од Законот за животната средина Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен орган или суд, во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-530 на ден 09.07.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243